Ние во Алма-М веќе 35-та година сериозно ги проучуваме и подготвено ги пречекуваме сите промени и новости кои доаѓаат, преку развој, дејствување и трансформација на бизнисот, носејќи нови квалитети за нашите клиенти. Посветуваме посебно внимание на развој на човечките ресурси. Привлекуваме, развиваме и задржуваме најдобри професионалци и наградуваме за нивните резултати.

Алма – М ДООЕЛ
Качанички пат бр.65а, Скопје
www.alma-m.mk
е-пошта: vrabotuvanje@alma-m.com.mk

објавува **ОГЛАСИ** за следните работни

Позиции:	**ОПЕРАТОР ЗА ВЕНДИНГ АПАРАТИ**
Датум на објава:	3 Ноември 2026
Рок за пријавување до	22 Ноември 2026
Број на оглас:	О-261103-НП-ОП
Сектор:	Хо-Ре-Ка
Локација:	Скопје

Работни задачи:

- Полнење на автоматски машини за продажба со производи (пијалоци, закуски и други артикли), следејќи потреби на клиенти, обезбедување на непречено функционирање на истите, техничко одржување, управување со инвентар и комуникација со клиенти,
- Физичка издржливост, бидејќи работата може да вклучува подигнување на тежина и често патување.
- Посета на објекти на доделен реон по рутинг план,
- Организираност и внимавање на детали за правилно следење на сировини, инвентар и финансиски трансакции,
- Грижа за уредност на апарати, редовно одржување на хигиенски стандарди (чистење и дезинфицирање) на апарати во објекти поставени кај клиенти и нивна обука за истото,
- Способност за самостојна работа без многу надзор,
- Поддржува и гради тимски дух и да дава свој придонес при решавање на предизвици во интерес на исполнување на цели и координација со членови на тимот,
- Врши и други работи во делокруг на работењето, по барање на претпоставениот.

Потребни квалификации и вештини:

- Поседување возачка дозвола **Б – категорија,**
- Минимум завршено средно образование,
- Флексибилност за работа на терен,
- Одлична комуникација,
- Професионално однесување,
- Организирана, мотивирана и стабилна личност,
- Динамичен, проактивен и насочен кон резултати,
- Способност за индивидуална и тимска работа,
- Позитивен однос кон промени.

Потребно искуство:

- Активен возач (минимум 2 години)
- Претходно работно искуство не е потребно

Сите што ги поседуваат горенаведените квалификации и вештини **СЕ ПОКАНЕТИ ДА АПЛИЦИРААТ со** нивната професионална биографија која може да ја достават на следната е-пошта: vrabotuvanje@alma-m.com.mk со **задолжителна назнака на бројот на оглас, во насловот на пораката**.

Напомена:

- Работниот однос се заснова на определено време од 1 месец, период на докажување на способности, со можност за продолжување.
- **САМО** апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.
- Апликациите **без назнака на бројот на оглас, во насловот на пораката, НЕМА** да бидат разгледани!
- Дневно работно време е претпладне, од 06.00 до 14.00 часот, од понеделник до петок.
- Рок во кој ќе се изврши изборот – доколку на огласов се пријават до 200 кандидати, изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати, изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати, изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот за пријавување.
- Со поднесување на Вашата апликација за вработување (CV), потврдувате дека сте согласни Вашите лични податоци да бидат чувани во база и обработувани за намена за сегашно или идно вработување од страна на АЛМА-М ДООЕЛ Скопје или од трето лице ангажирано за таа цел согласно Закон. Доколку не сте согласни, Ве молиме тоа да го наведете во апликацијата.
- Ве молиме без телефонски јавувања

АЛМА-М ДООЕЛ Скопје е секогаш отворена за соработка со кандидати кои се вредни ентузијасти и сакаат да работат со тим кој секогаш е спремен за нови предизвици во иновативна и динамична околина.